Јавно претпријатие за комунални дејности
на Општина Аеродром
Бр. 03-351/1
27.11 2024 год.
Скопје

Врз основа на членот 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Управниот одбор на Јавното претпријатие на Општина Аеродром Скопје на ден 27.11.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за утврдување на цените на дополнителните услуги кои ги врши ЈП на Општина Аеродром Скопје

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се уредува цените на дополнителните услуги кои ги врши ЈП на Општина Аеродром Скопје.

### Член 2

Јавното претпријатие со согласност на основачот врши и дополнителни услуги на граѓаните и правните лица.

Дополнителните услуги се услуги кои граѓаните и правните лица ги побаруваат од јавното претпријатие, а не се дел од редовните комунални јавни услуги на Јавното претпријатие на Општина Аеродром или друго јавно претпријатие основано од Општината Аеродром или Градот Скопје.

### Член 3

Со овој правилник се утврдуваат цените на следните услуги:

| **Р.бр.** | **Опис на услугата** | **Единечна мера** | **Единечна цена/денари** |
|---|---|---|---|
| 1. | Транспорт до депонија на градежен шут – пакуван во вреќи, кабаст, растителен, комунален (отпад од домаќинства, како и друг отпад кој се создава во комерцијалнот и индустрискиот сектор, кој поради неговите карактеристики, состав и количина е | Тура до макс. Носивост на возилото 1880кг и 5 м3 | 1.500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сличен со отпадот од домаќинствата) и мешан отпад. | | |
| 2. | Машинско косење на зелени површини | м2 | 6,00 |
| 3. | Гребења и собирање на искосена трева | м2 | 2,00 |
| 4. | Гребење трева пред косење со изнесување на отпад (камења, гранки и др.) | м2 | 2,00 |
| 5. | Чистење (гребење и собирање) на зелени површини од лист | м2 | 2,00 |
| 6. | Поставување на изнајмен контејнер за кабаст отпад (на локација одредена од инвеститор) од минимум 6 м3 | Парче | 1.500,00 |
| 7. | Подигање на контејнери за кабаст отпад и транспорт до депонија | По подигнување | 1.500,00 |

## Член 4

Возилата кои се користат за услугите од членот 3 на овој член имаат дозволена носивост од најмногу 1880 кг и дозволен габарит на товар најмногу 5 м3.

Нарачателот се обврзува да обезбеди сигурен пристап до местото на извршување на услугите, при што доколку пристапот е несоодветен, јавното претпријатие може да го откаже извршувањето на дополнителната услуга, а нарачателот е одговорен за евентуално настанатата штета од откажувањето.

Нарачателот е одговорен за евентуално настаната штета на нарачателот или на трето лице при извршувањето на услугите од страна на јавното претпријатие, а која не е по директна вина на вработен во јавното претпријатие.

Нарачателот се обврзува градежниот шут, биоразградливиот отпад, како и другиот отпад да ги пакува на соодветен законски предвиден начин (во вреќи и на друг пропишан начин).

**Член 5**

Во цените на услугите од членот 3 не е пресметан данокот на додадена вредност, кој се пресметува дополнително при фактурирањето на услугите.

За извршување на услуги надвор од подрачјето на Општина Аеродром и на тешко проодни терени единечната цена се зголемува за 30%.

Во цените не се вклучени патните трошоци, трошоци за сместување и дневници, кои паѓаат на сметка на нарачателот.

Во случај да возилата и машините не работат ефективно, односно чекаат поради неорганизираност на нарачателот, за времето додека чекаат се наплатува 70% од ефективната цена на услугите кога би се работело.

За вршење на услуги по работното време во работен ден цената се зголемува за 35%.

За вршење на услуги по 22 часот, односно за работа ноќе, цената се зголемува за 35%.

За вршење на услуги во недела и државен празник, цената се зголемува за 50%.

Ставките од овој член се пресметуваат кумулативно доколку се исполнети условите за нивно пресметување.

**Член 6**

Јавното претпријатие согласно овој правилник определува цени на дополнителните услуги кои се однесуваат исклучиво на постапувањето со неопасен отпад. Опасниот отпад и постапувањето со него не е предмет на работата на јавното претпријатие со овој правилник. Нарачателот е должен доколку има сознание или пак сомневање дека во отпадот за кој бара услуга за постапување од јавното претпријатие има и опасен отпад за истото веднаш и без одлагање да го извести јавното претпријатие.

Под поимот комунален отпад се подразбира отпадот од домаќинствата, како и друг отпад кој се создава во комерцијалниот и индустрискиот сектор кој поради неговите карактеристики, состав и количина е сличен со отпадот од домаќинствата.

Комерцијален отпад е секој друг отпад кој се создава од правните и физичките лица при вршење на комерцијални, индустриски, трговски, услужни, административни и слични дејности и е сличен по природа или состав со отпадот од домаќинствата (дејноста трговија на големо и мало, угостителски услуги и барови, канцеларии и пазари, како и остатокот од услужниот сектор).

Био – отпад е биоразградлив градинарски отпад и отпад од паркови, храна и кујнски отпад од домаќинствата, ресторани, угостителски и малопродажни објекти и отпад којшто е споредлив со

отпадот што се создава од преработувачките капацитети на храна, како и друг отпад со слични биоразградливи својства што е споредлив по природа, состав и количина.

Градежен шут е отпад кој се создава при градење и рушење.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила по неговото одобрување од Советот на Општина Аеродром.

**ЈП на Општина Аеродром Скопје**

**Управен одбор**
**Претседател**

Николче Златевски